Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**М А Ш И Н С К И   Ф А К У Л Т Е Т – Скопје**

## РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Минатиот викенд во просториите на новата зграда на МФС во организација на Македонско Американската Алумнни Асоцијација (МААА) се одржа Регинална Fulbright Алумни Конференција под темата "Стратегии за приближување на балканските земји кон ЕУ". На неа учествуваа гости од Словенија, Унгарија, Албанија, Косово, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Р.М.



Конференцијата ја отвори Н.Е. г-ѓа Џилијан Миловановиќ, Амбасадор на УСА во Р.М, а говореа д-р Трајко Славески, министер за финансии, д-р Matjaz Nahtigal - секретар на претседателот на Словенија, Вера Лалчевска - преставник на кабинетот на Премиерот на Р.М. Stanislav Pigon, Европска Агенција за реконструкција и д-р Атанас Кочов, претседател на МААА.

Ова е прва конференција од овој тип во регионот и значи многу од аспект на промоција на Р.М. во патот кон ЕУ и поставувањето на темелите на соработка на универзитетите и владите на земјите од регионот во полето на економскиот развој и развојот на индустријата.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМИ

На ден 08.03.2007 год. во салата за конференции на МФС се одража презентација на Fulbright и на Hubert H. Humprey програмите.

Програмите се наменети за студентите од завршните години, постдипломците и вработените на МФС.

Тие се резултат на соработката со Амбасадата на УСА во Р. Македонија.

## МЕЃУНАРОДЕН ДОГОВОР

На ден 22.02.2007 год. во Марибор, Словенија, беше потпишан Меѓународен договор за академска соработка во областа на едукативните активности и научни истражувања помеѓу Машинскиот факултет во Скопје и Машинскиот факултет во Марибор, Р. Словенија.

Повеќе информации на веб страната на МФС.

## АКТИВНОСТИ ОД ТЕМПУС ПРОЕКТ

Во рамките на Темпус проектот "Numerical simulation program in mechanical engineering", од 05.02 до 09.02.2007 год. се одржа курс под наслов "Нумеричко решавање парцијални диференцијани равенки со методот на конечни елементи". Предавач на курсот беше д-р Жан-Мари Маршал од Белгија, а слушатели беа студентите од енергетските насоки, како и вработени од МФС.

Во рамки на истиот проект, од 19.02 до 23.02.2007 год, истите слушатели го посетува курсот под наслов "Алгоритми за нумеричко решавање на компресибилни струења", под водство на д-р Хрвое Јасак, доцент на Машинскиот факултет во Загреб.

Под истиот проектот во периодот од 12.03 до 14.03.2007 год. се организираа работни состаноци на членови на Институтите за Механика и МКММВ и двајца експерти во проектот: проф. Здравко Терзе од Универзитетот во Загреб и д-р Албрехт Ајбер од Универзитетот во Штутгард. Средбите беа на тема: "Вовед во аналитичката механика и нумеричкиот приод кон системите со голем број степени на слобода".

## САЕМ ЗА СТУДЕНТИ

Минатата недела од 20 до 22.03.2007 год. во организација на БЕСТ се одржа Саем за вработување и кариера.

Саемот беше одлична можност нашите студенти да се запознаат со компании и фирми и да аплицираат свои биографии како потенцијални кандидати за идни вработувања.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Константин Димитров реализира службено патување во Германија од 6 до 8.03.2007 год. со цел: Посета на Универзитетот во Нирнберг и сообраќајното претпријатие во Дрезденд.

2. Проф. д-р Славе Арменски, на ден 11.03.2007 год. релизира службено патување во Грција со цел: Учество на работен состанок на Универзитетот Македонија во Солун.

3. Доц. д-р Глигорче Вртаноски, релизира службено патување во Букурешт, Романија од 01.03. до 4.03.2007 год. со цел: Присуство на состанок организиран од Светската организација за интелектуална сопственост.

4. Ред. проф. д-р Добре Рунчев, релизира службено патување во Копаоник, во период од 03 до 10.03.2007 год. со цел: Учество на меѓународна конференција за акредитација на студиите по ЕКТС.

5. Проф. д-р Драги Данев и проф. д-р Милан Ќосевски реализи-раа службено патување во Словенија и Германија, од 07 до 11.03.2007 год. со цел: Посета на Министерството за транспорт во Словенија, ТИФ во Минхен и Универзитетот во Штудгарт.

6. Проф. д-р Делчо Јованоски, релизира службено патување во Турција, од 21 до 25.03.2007 год. со цел: Присуство на состанокот на матичната комисија за формирање Нов балкански технички факултет во Скопје.

7. Вон. проф. д-р Валентино Стојковски, релизира службено патување во Кина, од 20 до 27.03.2007 год. со цел: Присуство на хомолохните контроли и мерења на лопатки од третото работно коло како дел од опремата за ХЕЦ Козјак.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**29.03.2007**
**28 СЕДНИЦА НА ННС**

**14.04.2007**
**ОТВОРЕН ДЕН НА МФС**

**26.04.2007**
**29 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИК ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2007, март, број 59**

***ФАКУЛТЕТСКИ***

МФС

***ИНФОРМАТОР***

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

На ден 14.04.2007 год. МФС повторно ќе ги отвори вратите за идните студенти да можат лично да се уверат во перспективите за студирање што ги нуди нашиов факултет.

Сите институти, оделот и другите организациони единици треба да да се претстават што е можно подобро.



Отворениот ден е дел од програмата на комисијата за промотивни активности. Промотивниот материјал е подготвен, презентациите по средните училишта стартуваа, ќе следи учество на саемот за образование, презентации по средните училишта низ државава и останати активности.